ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
Примено: 12 -04- 2018
Орг.Един. 03 | Број 8662/1 | Прилог | Вредност
Архивски знак:
Рок на чување: ___ год.
___ 200 ___ година
Потпис,

[redacted]

[redacted]

**Образец бр.50**

**Република Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**ЈОВИЦА АНЃЕЛОВСКИ**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Куманово, Крива Паланка**
**и Кратово**

**И.бр.756/14**
**И.бр.757/14**

Извршителот Јовица Анѓеловски од Куманово врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје, засновано на извршните исправи [redacted] од [redacted] година на Основен суд [redacted] Пресуда [redacted] од [redacted] година на Основен суд Скопје, [redacted] од [redacted] година на Апелационен суд [redacted] од [redacted] година на Основен суд Куманово и [redacted] од [redacted] година на Апелационен суд Скопје, против солидарните должници [redacted] од [redacted] ул. "[redacted]" бр [redacted] и [redacted] од [redacted] ул. "[redacted]" бр [redacted] за спроведување на извршување во вредност [redacted] денари, на ден 12.04.2018 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на недвижноста означена како: недвижен имот запишан во ИЛ бр.469 за КО Љубодраг, дел на посед по 1/3, на солидарниот должник [redacted] со следните ознаки: -КП бр.481, дел3, в.м. Селиште, план3, скица7, кат.култура н, класа 5, површина 406 м.кв., со почетна цена од 81.200,00 денари.

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на недвижноста означена како: недвижен имот запишан во ИЛ бр.30251 за КО Куманово, дел на посед 1/1, на солидарниот должник [redacted] со следните ознаки: -КП бр.14594, дел0, адр.Т.Велков, бр. на згр.1, намена на згр.лоѓии, балкон и тераса, вл.02, кат03, бр.12, собност0, повр.4 м.кв., -КП бр.14594, дел0, адр.Т.Велков, бр. на згр.1, намена за згр.стамб.зграда-стан, вл.02, кат03, бр.12, собност3, повр.67 м.кв., -КП бр.14594, дел0, адр.Т.Велков, бр. на згр.1, намена за згр.помош.простории, вл.02, катПО, собност1, повр.7 м.кв., со почетна цена од 2.506.636,00 денари.

Продажбата ќе се одржи на ден 09.05.2018 година во 10,00 часот во просториите на Извршителот Јовица Анѓеловски, на ул. "Маршал Тито" бр.1-1/3, во Куманово. Почетната вредност на недвижностите на првото јавно наддавање се утврдени согласно Заклучокот за утврдување на вредност на недвижност И.бр.756/14, И.бр.757/14 од 16.03.2018 година, под кои вредности предметните недвижности не може да се продадат на првото јавно наддавање.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десетина) од определената вредност на недвижноста на првото јавно наддавање. Сите јавни давачки околу реализацијата на купопродажбата паѓаат на товар на купувачот. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот со бр.320100005113356 даночен брок 5017006110477, во Централна Кооперативна Банка ад Скопје. На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој Заклучок ќе се објави во средство за јавно информирање Нова Македонија. Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**ИЗВРШИТЕЛ,**

**М-р Јовица Анѓеловски**

Д.-на: -странките